РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„ПАВЕЛ ШАТЕВ“
Бр. 02-360/9
10.9.2024
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 и член 53 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/2023 и 53/2024), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 10.09.2024 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА ВО ПОЧЕТНАТА ОБУКА ВО АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

**Член 1**

Во членот 15 став 1 алинеја 1 од Правилник за практична настава во почетната обука во Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ (бр. 02-96/4 од 16.02.2024 година) по зборовите „член 13 став 3 алинеја 4“ се додаваат зборовите „од овој Правилник“, а зборовите „од овој Правилник“, по зборовите „достави до Академијата“ се бришат.

Алинеја 5 од став 1 се брише.

**Член 2**

Членот 19 се менува и гласи:

(1) „Оценувањето на практичната настава го вршат Комисии за оценување на практичната настава (во натамошниот текст Комисии), составени од судии и јавни обвинители и нивни заменици со најмалку 6 години судиски или јавнообвинителски стаж, што не биле вклучени во рамките на практичната настава за тековната генерација.

(2) Комисиите од ставот (1) на овој член се составени од тројца членови и нивни заменици.

(3) Членовите на Комисиите од ставот (1) на овој член ги избира Управниот одбор на предлог на директорот на Академијата, кој доставува листа на судии и јавни обвинители кои ги исполнуваат условите од ставот (1), при што се води сметка да бидат застапени членови од различни апелациони подрачја, материи и инстанци.

(4) Бројот на Комисии го определува Управниот одбор согласно бројот на слушатели од генерацијата која се оценува и активностите кои се оценуваат.“

**Член 3**

Во членот 20 став 5 по зборовите „секој член“ се додава „односно заменик член“,

зборот „Комисијата“ се менува со зборот „Комисиите“ и зборовите „ на посебен образец ги внесува“ се менуваат со „ на посебни обрaзци за оценување кои се наоѓаат во прилог на овој Правилник (Прилог 1 – Испитен образец за оценување на кривична одлука; Прилог 2 – Збирен испитен образец за оценување на кривична одлука; Прилог 3 - Испитен образец за оценување на граѓанска одлука; Прилог 4 – Збирен испитен образец за оценување на граѓанска одлука; Прилог 5- Испитен образец за оценување на обвинителен акт или предлог; Прилог 6 – Збирен испитен образец за оценување на обвинителен акт или предлог; Прилог 7 – Испитен образец за оценување на симулирано судење во улога на судија на главна расправа во кривична постапка; Прилог 8 – Збирен испитен образец за оценување на симулирано судење во улога на судија на главна расправа во кривична постапка; Прилог 9 – Испитен образец за оценување на симулирано судење во улога на судија на главна расправа во граѓанска постапка; Прилог 10 – Збирен испитен образец за оценување на симулирано судење во улога на судија на главна расправа во граѓанска постапка; Прилог 11- Испитен образец за оценување на симулирано судење во улога на јавен обвинител и Прилог 12 – Збирен испитен образец за оценување на симулирано судење во улога на јавен обвинител)“.

**Член 4**

Во членот 21 став 3, алинеја 1, по зборовите „способноста за подготвување на предметот за судење“ се додава зборовите „и познавањето на материјалниот и на процесниот закон;“

Во алинејата 2, по зборовите „способност за давање воведни зборови“ се додаваат зборовите „и способноста за давање завршен збор;“

Алинеја 4 и 6 се бришат, а алинеја 5 станува алинеја 4

**Член 5**

Во членот 22 став 8, зборовите „и диктира записник за главна расправа“ се бришат.

Во став 9 зборовите „што непосредно го диктира во записникот“ се бришат.

Став 11 се менува и гласи: „Членовите на Комисиите присуствуваат на симулацијата и ја оценуваат истата на посебен образец за оценување од член 20 став 5 од овој правилник“.

По ставот 11 се додава став 12 кој гласи „Симулациите на судење се снимаат’.

Ставовите 12, 13 и 14 стануваат ставови 13, 14 и 15.

Ставот 14 се брише, а ставот 15 станува став 14.

**Член 6**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување и се објавува на веб страницата на Академијата.

Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

Претседател на Управен одбор,
Судија Беким Мехмеди

________________________

Прилог 1

## ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**Изработка на кривична одлука**

**ИЗВЛЕЧЕНА ШИФРА НА КАНДИАТ (се внесува ПО ОТКРИВАЊЕ НА ШИФРАТА ОД КОШУЛИЦАТА): ______________________________**

| **Критериум** | **БОДОВИ (од 0 до 5)** | **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** |
|---|---|---|
| **-изработка на одлуките на јасен и разбирлив начин (форма и содржина на одлуката);** | | |
| **-утврдување на релевантните факти;** | | |
| **-логична и правна издржаност на аргументите за определено решение** | | |
| **- заклучување и правна оцена на доказите** | | |
| **Вкупно** | | |

**Име и презиме на член на Комисија ______________________________**

**ПОТПИС________________** **Датум:**

Прилог 2

## ЗБИРЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**Изработка на кривична одлука**

**ИЗВЛЕЧЕНА ШИФРА НА КАНДИАТ (се внесува ПО ОТКРИВАЊЕ НА ШИФРАТА ОД КОШУЛИЦАТА): ______________________________**

| **Членови:** | **БОДОВИ (од 0 до 2)** |
|---|---|
| **Член 1:** | |
| **Член 2:** | |
| **Член 3:** | |
| **Аритметичка средина:** | |

**Членови на Комисија:**

**Член 1 (име, презиме и потпис):________________________________________**

**Член 2 (име, презиме и потпис):________________________________________**

**Член 3 (име, презиме и потпис):________________________________________**

**Датум:**

Прилог 3

# ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

## Изработка на граѓанска одлука

**ИЗВЛЕЧЕНА ШИФРА НА КАНДИАТ (се внесува ПО ОТКРИВАЊЕ НА ШИФРАТА ОД КОШУЛИЦАТА): ______________________________________**

| Критериум | БОДОВИ (од 0 до 5) | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ |
|---|---|---|
| **-изработка на одлуките на јасен и разбирлив начин (форма и содржина на одлуката);** | | |
| **-утврдување на релевантните факти;** | | |
| **-логична и правна издржаност на аргументите за определено решение** | | |
| **- заклучување и правна оцена на доказите** | | |
| **Вкупно** | | |

**Име и презиме на член на Комисија ___________________________________**

**ПОТПИС________________** **Датум:**

Прилог 4

# ЗБИРЕН ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**Изработка на граѓанска одлука**

**ИЗВЛЕЧЕНА ШИФРА НА КАНДИАТ (се внесува ПО ОТКРИВАЊЕ НА ШИФРАТА ОД КОШУЛИЦАТА): ______________________________________**

| **Членови:** | **БОДОВИ**<br>**(од 0 до 2)** |
|---|---|
| **Член 1:** | |
| **Член 2:** | |
| **Член 3:** | |
| **Аритметичка средина:** | |

**Членови на Комисија:**

**Член 1 (име, презиме и потпис):____________________________________________**

**Член 2 (име, презиме и потпис):____________________________________________**

**Член 3 (име, презиме и потпис):____________________________________________**

**Датум:**

Прилог 5

# ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**Изработка на обвинителен акт или предлог**

**ИЗВЛЕЧЕНА ШИФРА НА КАНДИАТ (се внесува ПО ОТКРИВАЊЕ НА ШИФРАТА ОД КОШУЛИЦАТА): ____________________________________**

| Критериум | **БОДОВИ (од 0 до 5)** | **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** |
|---|---|---|
| **-изработка на одлуките на јасен и разбирлив начин (форма и содржина на одлуката);** | | |
| **-утврдување на релевантните факти;** | | |
| **- логична и правна издржаност на аргументите за определено решение** | | |
| **- заклучување и правна оцена на доказите** | | |
| **Вкупно** | | |

**Име и презиме на член на Комисија ___________________________________**

**ПОТПИС________________**                                   **Датум:**

Прилог 6

## ЗБИРЕН ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**Изработка на обвинителен акт или предлог**

**ИЗВЛЕЧЕНА ШИФРА НА КАНДИАТ (се внесува ПО ОТКРИВАЊЕ НА ШИФРАТА ОД КОШУЛИЦАТА): ____________________________________**

| **Членови:** | **БОДОВИ**<br>**(од 0 до 2)** |
|---|---|
| **Член 1:** | |
| **Член 2:** | |
| **Член 3:** | |
| **Аритметичка средина:** | |

**Членови на Комисија:**

**Член 1 (име, презиме и потпис):________________________________________**

**Член 2 (име, презиме и потпис):________________________________________**

**Член 3 (име, презиме и потпис):________________________________________**

**Датум:**

Прилог 7

# ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Симулирано судење во улога на судија на главна расправа во кривична постапка

**Име и презиме на Кандидатот: ______________________________________**

| **Критериум** | **БОДОВИ (од 0 до 10)** | **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** |
|---|---|---|
| **-способноста за подготовка на предметот за судење;** | | |
| **-способноста за раководење со главна расправа во кривичен и во граѓански предмет;** | | |
| **-односот со странките и со другите учесници во постапката за време на судењето;** | | |
| **- -познавањето на материјалните и на процесните закони и нивната правилна примена во практиката;** | | |
| **Вкупно** | | |

**Име и презиме на член на Комисија __________________________________**

**ПОТПИС________________**  **Датум:**

Прилог 8

# ЗБИРЕН ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Симулирано судење во улога на судија на главна расправа во кривична постапка

**ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА КАНДИДАТ:** ______________________________

| **Членови:** | **БОДОВИ (од 0 до 4)** |
|---|---|
| **Член 1:** | |
| **Член 2:** | |
| **Член 3:** | |
| **Аритметичка средина:** | |

**Членови на Комисија:**

**Член 1 (име, презиме и потпис):**______________________________

**Член 2 (име, презиме и потпис):**______________________________

**Член 3 (име, презиме и потпис):**______________________________

**Датум:**

Прилог 9

# ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Симулирано судење во улога на судија на главна расправа во граѓанска постапка

**Име и презиме на Кандидатот: ______________________________________**

| **Критериум** | **БОДОВИ (од 0 до 10)** | **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** |
|---|---|---|
| **-способноста за подготовка на предметот за судење;** | | |
| **-способноста за раководење со главна расправа во кривичен и во граѓански предмет;** | | |
| **-односот со странките и со другите учесници во постапката за време на судењето;** | | |
| **- -познавањето на материјалните и на процесните закони и нивната правилна примена во практиката;** | | |
| **Вкупно** | | |

**Име и презиме на член на Комисија ________________________________**

**ПОТПИС________________** **Датум:**

Прилог 10

# ЗБИРЕН ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Симулирано судење во улога на судија на главна расправа во граѓанска постапка

**ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА КАНДИДАТ:** ______________________________________

| **Членови:** | **БОДОВИ**<br>**(од 0 до 4)** |
|---|---|
| **Член 1:** | |
| **Член 2:** | |
| **Член 3:** | |
| **Аритметичка средина:** | |

**Членови на Комисија:**

**Член 1 (име, презиме и потпис):**____________________________________________

**Член 2 (име, презиме и потпис):**____________________________________________

**Член 3 (име, презиме и потпис):**____________________________________________

**Датум:**

Прилог 11

# ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Симулирано судење во улога на јавен обвинител

**Име и презиме на Кандидатот: ______________________________________**

| **Критериум** | **БОДОВИ (од 0 до 10)** | **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** |
|---|---|---|
| **-способноста за подготвување на предметот за судење и познавањето на материјалниот и на процесниот закон;** | | |
| **-способност за давање воведни зборови и способноста за давање завршен збор;** | | |
| **- способност за директно, вкрстено и дополнително испитување;** | | |
| **- односот со судот, одбраната и другите учесници во постапката ;** | | |
| **Вкупно** | | |

**Име и презиме на член на Комисија __________________________________**

**ПОТПИС________________** **Датум:**

Прилог 12

## ЗБИРЕН ИСПИТЕН ОБРАЗЕЦ ЗА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Симулирано судење во улога на јавен обвинител

**ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА КАНДИДАТ:** ______________________________________

| **Членови:** | **БОДОВИ**<br>**(од 0 до 4)** |
|---|---|
| **Член 1:** | |
| **Член 2:** | |
| **Член 3:** | |
| **Аритметичка средина:** | |

**Членови на Комисија:**

**Член 1 (име, презиме и потпис):**_____________________________________________

**Член 2 (име, презиме и потпис):**_____________________________________________

**Член 3 (име, презиме и потпис):**_____________________________________________

**Датум:**